# Состојба со КОВИД-19 во Северна Македонија и светот

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, период 23-29.12.2024

Тестирани се вкупно 128 материјали во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, за 17,4% повеќе во однос на минатата недела (n=109).

Не се регистрирани позитивни случаи.

***Табела 1.*** *Тестирани и позитивни во период од 23-29.12.2024*

| *Датум* | *Тестирани* | *Позитивни* | *% на позитивност* |
|---|---|---|---|
| **23.12.2024** | 31 | 0 | 0,0% |
| **24.12.2024** | 24 | 1 | 4,2% |
| **25.12.2024** | 19 | 0 | 0,0% |
| **26.12.2024** | 21 | 0 | 0,0% |
| **27.12.2024** | 24 | 2 | 8,3% |
| **28.12.2024** | 1 | 0 | 0,0% |
| **29.12.2024** | 8 | 0 | 0,0% |
| ***Вкупно*** | ***128*** | ***3*** | ***просек 1,8%*** |

Во текот на минатата недела (23-29.12.2024), не се регистрирани оздравени и починати лица асоцирани со КОВИД-19.

## СОСТОЈБА СО КОВИД-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2024 година

Во текот на 2024 година, а заклучно со 29.12.2024, регистрирани се вкупно 1.749 заболени лица. Во месец ноември 2024 (n=12) се регистрира намалување од 78,6% во споредба на претходниот месец (n=56).

Во текот на 2024 година, а заклучно со 29.12.2024, тестирани се вкупно 13.291 материјали, во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2 и во лабораториите/ здравствените установи во кои се спроведува брз антигенски тест.

### Проценка на ризик

Ниската стапка на трансмисија на SARS-CoV-2, намаленото известување и малиот број на примероци за тестирање преку сентинел системите имаат влијание врз способноста за прецизно да се процени епидемиолошката ситуација. Популацијата на ЕУ/ЕЕА севкупно има значително ниво на хибриден имунитет (претходна инфекција плус вакцинација/бустер дози), што дава заштита од тешка болест.

Лицата на возраст од 60 години се со најголем ризик од тешка болест.

Хоспитализациите на лица со потврден КОВИД-19, приемите во интензивна нега и смртните случаи остануваат на ниско ниво во земјите на ЕУ/ЕЕА. Овие податоци во Р.С. Македонија не се достапни.

Иако бројот на заболени од КОВИД19 на неделно ниво се намалува, со оглед на тоа дека почнува периодот на зголемена циркулација на респираторни вируси во северната хемисфера, постои ризик активноста на SARS-CoV-2 да се зголемува, што ја нагласува континуираната потреба од надзор (епидемиолошки и вирусолошки) на национално и регионално ниво.

**Препорачани мерки за превенција и контрола**

Се препорачува следење на основните мерки за превенција на КОВИД-19 и останати респираторни заразни заболувања.

Вакцинацијата останува специфична превентивна мерка обезбедувајќи заштита од тешки форми на болест, иако овој заштитен ефект со тек на време се намалува. Продолжува препораката за вакцинацијата на лицата со висок ризик од тешки форми на болест и лош исход (како што се повозрасните лица).[1]

Скопје, 30.12.2024

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***

[1] https://www.ecdc.europa.eu/sites/default/files/documents/2024-WCP-0039%20Final.pdf